# Нови кориснички енерго центри за подобра услуга!

EVN Македонија во минатиот месец официјално се ребрендираше и сега е дел од големото EVN семејство под едно лого.

Брендот EVN ја рефлектира уште поголемата сервисна ориентираност кон корисниците на нашите услуги. Тој ги олицетворува вредностите безбедност, доверливост, услуга, рационално енергетско работење и блискост со потрошувачите.

Во процесот на постојана модернизација и интеграција во EVN концернот, поранешните подружници ги реорганизиравме во т.н. **кориснички енерго центри** или КЕЦ, со цел да се доближиме поблиску до нашите потрошувачи и да им овозможиме непосреден контакт, поквалитетна и побрза услуга.

Во моментов, на услуга на нашите потрошувачи им стојат следните 19 регионални КЕЦ центри:

| | |
|---|---|
| 1. КЕЦ Скопје, Аеродром | 11. КЕЦ Кавадарци (го вклучува Неготино) |
| 2. КЕЦ Скопје, Васил Главинов | 12. КЕЦ Гевгелија (го вклучува Валандово) |
| 3. КЕЦ Скопје, Ѓорче Петров | 13. КЕЦ Струмица (го вклучува Радовиш) |
| 4. КЕЦ Тетово | 14. КЕЦ Велес |
| 5. КЕЦ Гостивар | 15. КЕЦ Штип (го вклучува Свети Николе) |
| 6. КЕЦ Кичево (го вклучува Македонски Брод) | 16. КЕЦ Куманово |
| 7. КЕЦ Струга (го вклучува Дебар) | 17. КЕЦ Кратово (ја вклучува Крива Паланка) |
| 8. КЕЦ Охрид (го вклучува Ресен) | 18. КЕЦ Делчево (го вклучува Берово) |
| 9. КЕЦ Битола | 19. КЕЦ Кочани (ги вклучува Пробиштип и Виница) |
| 10. КЕЦ Прилеп | |

Услугите што нашите потрошувачи можат да ги добијат во КЕЦ се:

- Наплата, корекција и потврди за сметките за електрична енергија
- Советување и излегување во пресрет за нов приклучок на дистрибутивната мрежа
- Повторно приклучување на дистрибутивната мрежа
- Брзо реагирање на терен во случај на дефекти
- Проверка, промена и поставување нови струјомери и безбедносни мерки
- Промена на име и адреса на сметка
- Редовно одржување на дистрибутивната мрежа

Секој КЕЦ во својот состав има т.н. **front office** односно **приемна канцеларија** за непосреден контакт со потрошувачите и **наплатни пунктови** во кои потрошувачите можат да ги вршат редовните активности поврзани со наплатата.



EVN macedonia

# Соработка со коректните потрошувачи

Кражбите и неовластеното користење на електричната енергија претставуваат **криминални дела**. EVN Македонија активно ќе се бори да ги совлада овие криминални појави што сериозно ја загрозуваат безбедноста и стабилноста на дистрибутивната мрежа.

Нашите технички служби, по констатацијата за постоење на неовластено користење на електрична енергија или кражба, **веднаш ќе го исклучат** потрошувачот од дистрибутивната мрежа и ќе ја **известат полицијата** како надлежен орган.

Согласно со важечките законски прописи се подготвува **калкулација за неовластено потрошена електрична енергија** за период од 1 до 3 години. Како дополнување на оваа сума, се пресметува и казнен износ. Пресметките за неовластено користење на електрична енергија се движат помеѓу 300.000 и 1.800.000 денари. Повторно приклучување на потрошувачот се прави **единствено по целосно намирување** на долгот по основа на истата пресметка.

- Доколку се сомневате дека во ваша непосредна близина се остварува неовластено користење или кражба на електрична енергија, истата можете да ја пријавите во нашиот Центар за односи со потрошувачите.
- Исто така, доколку забележувате дека нешто не е во ред и со вашиот приклучок на дистрибутивната мрежа и истиот не е легален, можете да го пријавите во најблискиот КЕЦ, како и во Центарот за односи со потрошувачите на EVN Македонија. Доколку тоа го сторите самите, не следуваат никакви казнени мерки, со што ќе станете легален потрошувач на електричната енергија.
- Се стремиме да воспоставиме стандарди за работа што се почитуваат внатре во компанијата и од нашите потрошувачи надвор од компанијата. Затоа, апелираме до вас да не известите во случај кога некој од нашите вработени постапува неетично и спротивно од правилата на компанијата и со тоа директно ги загрозува вашите права како потрошувач.

**Сите пријави упатете ги до нашиот Центар за односи со потрошувачите, достапен за вас 24 часа во денот, 365 дена во годината!**

**Телефон:** 0890 12345
**Е- пошта:** info@evn.com.mk




EVN macedonia

**Секогаш тука за вас**
**EVN Македонија**